Андреј Јанков
СОНЦЕТО
ВО ЗБОРОТ


Стихозбирката „Сонцето во зборот" која имаме чест и задоволство да ја коментираме, е од младиот современ македонски поет Андреј Јанков (Кочани, 1998). Збирката содржи 35 песни, во кои, иако не се поделени во циклуси можат да се издвојат неколку мотивско-тематски јадра низ кои се раскрилува поетиката на младиот поет, студент на катедрата по македонски јазик и книжевност, при Филолошкиот факултет во Штип...
Проф. д-р Јованка Денкова
ISBN 978-608-4879-35-0

СОНЧЕВИНА ВО СРЦЕТО,
СОНЧЕВИНА ВО ЗБОРОТ

Стихозбирката „Сонцето во зборот“ која имаме чест и задоволство да ја коментираме, е од младиот современ македонски поет Андреј Јанков (Кочани, 1998). Збирката содржи 35 песни, кои, иако не се поделени во циклуси можат да се издвојат неколку мотивско-тематски јадра низ кои се раскрилува поетиката на младиот поет, студент на катедрата по македонски јазик и книжевност, при Филолошкиот факултет во Штип.

Првото мотивско јадро, со кое Јанков ни го привлекува вниманието е присуството на рефлексивната лирика, преку која младиот поет ни ги открива своите размисли за општочовечките и универзални вредности за смислата на живеењето, за не/човечноста. Овде би ги посочила стиховите од песната „Песна за животот“ во која помалку сгзалтирано, поетот констатира: „Секој го дава она што го има./Некој тага принесува/Друг срце подарува/Трет простува;“, но, на крајот, и покрај свесноста за животните искушенија, триумфира позитивистичкото чувство: „Песната за животот/е моја“. Пасионираноста од убавините на животот преовладува и во песната „Живеј“: „Живеј./Зашто, животот е магија/во кој доминира/величествена убавина.“

Размислите кај младиот поет, длабоко вкорнат во енигмата наречена *живот* не се произволни, туку се длабоко почувствувани: „Плукаш зборови потешки од тебе/зборови што не можеш да ги износиш,/ниту да ги вратиш назад.“ („Плукач“), но и проткаени со прекор: „...оти, со плукањето себеси се плукаш/и името си го црниш.“ Ваквите “бедни души“ Јанков ги соголува и ги открива нивните срца кои блескаат од душевна сиромаштија: „Ништожници жедни за власт,/газејќи по трупови и робови./Со желба да стасаат до врвовите/на успесите,кои не се достижни,/за НЕЛУЃЕ“ („Ништожни“). Идентична расположба преовладува и во песната „Беспаќе“: „Беспаќе./Сликовито./Со крвопијци и братоубијци/налик, човечки суштества.“ Ваквите нелуѓе, кои се насекаде околу нас, поетот отворено ги жигосува, иронично именувајќи ги: „... слуга на Луцифер и племето негово.“ („Ти, пријателу“).

Идејата за човековата трка по прозаичните нешта во животот преовладува во оваа само навидум млада поезија, зашто Андреј Јанков внушително се загледува во човековата природа и во само неколку стихови искажува голема мисла: „Мал е човекот,/кога големината/му е земна.“ („Песна“).

Но, затоа пак, поетот го наоѓа своето пристаниште во највредното кај човекот – уметноста, и таа претставува негова трајна и постојана инспирација: „Ѕвезда, небо, сонце/Три имиња носиш/а со едно се красиш.“ („Уметноста – моја инспирација“). Примарното место на уметноста во човековиот живот

експлицитно е посочено во стиховите од истата песна: „Сите не́ храниш,/љубители, поети и трагачи/на убавиот збор.“ Поетот Јанков ја осознал оргомната улога на поезијата/книгата/зборот и таа за него е „ѕвезда – водилка и родена сестра“ („За книгата“). Затоа, отворено предупредува укажувајќи на творечката, но и деструктивната сила на зборовите кои се изрекуваат: „Не им ја знаеш моќта/ах, тие зборови - огнени стрели и медени капки.“ („Зборови“)

Друго мотивско јадро кое е присутно во стихозбирката „Сонцето на зборот“ е јасно изразените татковински чувства и силна привржаност на поетот кон убавините на неговата родна земја: „Охриде, Охриде/ти нема рамен ниту достоен./.../ Ќе те сместам во некој дел од срцето,/таму да приспиваш,/да живееш, да дишеш,/восфален, позлатен,/единствен.“ („Убавините на Охрид“).

Следно мотивско јадро кое неизбежно треба да се спомене, а кое е присутно во стихозбирката „Сонцето на зборот“ е љубовната лирика, која провејува низ неколку песни, како во стиховите од песната „Голи до кожа“: „На плеќите - изгравиран лебед,/симбол за храброста и издржливоста,/за крунисата љубов.“ („Голи до кожа“). Верноста и привржаноста на лебедот кај поетот ја имплицира љубовта и споеноста на две души и тела во едно. Ваквите љубовни нотки се среќаваат и во песната „Монолог“ во која лирскиот субјект води еден

замислен дијалог /монолог со љубената со отворено обвинување за нејзината користољубивост.

Оваа мисла се варира и во песната „Љубов без корени“ во која евидентна е неговото страдање по некаква, макар и привидна милост од саканата: „Оплакував,/зима и лете, во ноќи и дни без сни/се молев во пост, без да се хранам/оти, се заситував со еден твој поглед/а сега сфатив дека те искупувам/само една гласина за тебе... да слушнам...“

Во песната „Ден на вљубените“, поетот толку се самоизмамува, што од преголема желба и потреба за љубов, во својата свест, како на театарска сцена, креира една цела сценографија на осамен љубовник кој попусто ја чека саканата, за на крај да ја открие самоизмамата: „Сè беше горка лага./ Дури и неа ја измислив и замислив./Тоа го направив за да се почувствувамбарем еднаш дека сум сакан,/дека нема да бидам повторно тажен и сам.“

Од друга страна, поетот ја слика и уништувачката моќ на егоистичноста во љубовта, па затоа решава да му го сотре коренот: „Го казнив свирепо/Егото/Кога ми го попречи патот/До љубовта./.../ Го пречкртав со црно мастило/И печат од прстот црвен/Намачкан од крвта врела.“ („Его“).

За крај, ќе се осврнеме на заедничката нишка која ги поврзува сите песни од оваа впечатлива стихозбирка, со интересен наслов „Сонцето на зборот“. Во повеќе песни, поетот ја истакнува важноста и моќта на зборот и сонцето, и зборот и сонцето како



уништувачки сили, но пред сè, како моќ и сили за креативност, за топлина, за создавање, за разбирање и топлина меѓу луѓето. Го завршуваме овој краток осврт кон стихозбирката, со стиховите од песната „Поет“ како особено индикативни во однос на претходно посоченото: „Катаден ме полеваш,/надгледуваш, љубиш./Ти, од другата страна на перото/обичен човеку, млад поету,/вљубенику,/романтичару,/со лице ко сонце,/со срце ко мед.“

20.6.2020

Проф. д-р Јованка Денкова

СОНЧЕВИНА ВО СРЦЕТО, СОНЧЕВИНА ВО ЗБОРОТ

Стихозбирката „Сонцето во зборот“ која имаме чест и задоволство да ја коментираме, е од младиот современ македонски поет Андреј Јанков (Кочани, 1998). Збирката содржи 35 песни, во кои, иако не се поделени во циклуси можат да се издвојат неколку мотивско-тематски јадра низ кои се раскрилува поетиката на младиот поет, студент на катедрата по македонски јазик и книжевност, при Филолошкиот факултет во Штип.

Првото мотивско јадро, со кое Јанков ни го привлекува вниманието е присуството на рефлексивната лирика, преку која младиот поет ни ги открива своите размисли за општочовечките и универзални вредности за смислата на живеењето, за не/човечноста. Овде би ги посочила стиховите од песната „Песна за животот“ во која помалку егзалтирано, поетот констатира: „Секој го дава она што го има./Некој тага ти принесува/Друг срце подарува/Трет простува;“, но, на крајот, и покрај свесноста за животните искушенија, триумфира позитивистичкото чувство: „Песната за животот/е

моја“. Пасионираноста од убавините на животот преовладува и во песната „Живеј“: „Живеј./Зашто, животот е магија/во кој доминира/величествена убавина.“

Размислите кај младиот поет, длабоко внурнат во енигмата наречена *живот* не се произволни, туку се длабоко почувствувани: „Плукаш зборови потешки од тебе/зборови што не можеш да ги износиш,/ниту да ги вратиш назад.“ („Плукач“), но и проткаени со прекор: „ ...оти, со плукањето себеси се плукаш/и името си го црниш.“ Ваквите “бедни души“ Јанков ги соголува и ги открива нивните срца кои блескаат од душевна сиромаштија: „Ништожници жедни за власт,/газејќи по трупови и робови./Со желба да стасаат до врвовите/на успесите,кои не се достижни,/за НЕЛУЃЕ“ („Ништожни“). Идентична расположба преовладува и во песната „Беспаќе“: „Беспаќе./Сликовито./Со крвопијци и братоубијци/налик, човечки суштества.“ Ваквите нелуѓе, кои се насекаде околу нас, поетот отворено ги жигосува, иронично именувајќи ги: „... слуга на Луцифер и племето негово.“ („Ти, пријателу“).

Идејата за човековата трка по прозаичните нешта во животот преовладува во оваа само навидум млада поезија, зашто Андреј Јанков внушително се загледува во човековата природа и во само неколку стихови искажува голема мисла: „Мал е човекот,/кога големината/му е земна.“ („Песна“).

Но, затоа пак, поетот го наоѓа своето пристаниште во најврвното кај човекот – уметноста, и таа претставува негова трајна и постојана инспирација: „Ѕвезда, небо, сонце/Три имиња носиш/а со едно се красиш.“ („Уметноста – моја инспирација“). Примарното место на уметноста во човековиот живот експлицитно е посочено во стиховите од истата песна: „Сите нè храниш,/љубители, поети и трагачи/на убавиот збор.“ Поетот Јанков ја осознал оргомната улога на поезијата/книгата/зборот и таа за него е „ѕвезда – водилка и родена сестра“ („За книгата“). Затоа, отворено предупредува укажувајќи на творечката, но и деструктивната сила на зборовите кои се изрекуваат: „Не им ја знаеш моќта/ах, тие зборови - огнени стрели и медени капки.“ („Зборови“)

Друго мотивско јадро кое е присутно во стихозбирката „Сонцето на зборот“ се јасно изразените татковински чувства и силна приврзаност на поетот кон убавините на неговата родна земја: „Охриде, Охриде/ти нема рамен ниту достоен./.../ Ќе те сместам во некој дел од срцето,/таму да приспиваш,/да живееш, да дишеш,/восфален, позлатен,/единствен.“ („Убавините на Охрид“).

Следно мотивско јадро кое неизбежно треба да се спомене, а кое е присутно во стихозбирката „Сонцето на зборот“ е љубовната лирика, која провејува низ неколку песни, како во стиховите од песната „Голи до кожа“: „На плеќите - изгравирани лебед,/симбол за храброста и издржливоста,/за крунисат љубов.“ („Голи до кожа“). Верноста и приврзаноста на лебедот кај поетот ја имплицира љубовта и споеноста на две души и тела во едно. Ваквите љубовни нотки се среќаваат и во песната „Монолог“ во која лирскиот субјект води еден замислен дијалог /монолог со љубената со отворено обвинување за нејзината користољубивост.

Оваа мисла се варира и во песната „Љубов без корени“ во која евидентно е неговото страдање по некаква, макар и привидна милост од саканата: „Оплакував,/зима и лете, во ноќи и дни без сни/се молев во пост, без да се хранам/оти, се заситував со еден твој поглед/а сега сфатив дека те искупувам/само една гласина за тебе... да слушнам...“

Во песната „Ден на вљубените“, поетот толку се самоизмамува, што од преголема желба и потреба за љубов, во својата свест, како на театарска сцена, креира една цела сценографија на осамен љубовник кој попусто ја чека саканата, за на крај да ја открие

самоизмамата: „Сè беше горка лага./ Дури и неа ја измислив и замислив./Тоа го направив за да се почувствувам барем еднаш дека сум сакан,/дека нема да бидам повторно тажен и сам.“

Од друга страна, поетот ја слика и уништувачката моќ на егоистичноста во љубовта, па затоа решава да ѝ го стре коренот: „Го казнив свирепо/Егото/Кога ми го попречи патот/До љубовта./.../ Го пречкртав со црно мастило/И печат од прстот црвен/Намачкан од крвта врела.“ („Его“).

За крај, ќе се осврнеме на заедничката нишка која ги поврзува сите песни од оваа впечатлива стихозбирка, со интересен наслов „Сонцето на зборот“. Во повеќе песни, поетот ја истакнува важноста и моќта на зборот и сонцето, и зборот и сонцето како уништувачки сили, но пред сè, како моќ и сили за креативност, за топлина, за создавање, за разбирање и топлина меѓу луѓето.

Го завршуваме овој краток осврт кон стихозбирката, со стиховите од песната „Поет“ како особено индикативни во однос на претходно посоченото: „Катаден ме полеваш,/надгледуваш, љубиш./Ти, од другата страна на перото/обичен човеку, млад поету,/вљубенику,/романтичару,/со лице ко сонце,/со срце ко мед.“

20.06.2020 Проф.д-р Јованка Денкова